# ,,РОМСКИ ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР,,
# ДЕЛЧЕВО
# ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ

*Хуманитарно и добротворно здружение на Роми ,,КХАМ,, -Делчево*
*ул: М.М ,,Брицо,,бр:17 2320 Делчево , Република Македонија*
*tel: +398(0)33 41 36 95 : faks + 389(0)33 41 31 05 :*
*e-mail : kham@sonet.com.mk*

## Јануари 2009

Ромскиот информативен центар (Риц) Делчево ги спроведува активностите кои ги има превземено за работата и во текот на месец Јануари 2009 год година како логистичка подршка за граѓаните од Ромската заедница,согласно со договорот со МТСП.
Риц -Делчево во периодот од месец Јануари 2009 година,со своите активности се стремеше кон подобрување на нивото на информирање и едукација на ромската популација и јакнењето на комуникацијата,информирање и лобирање со Локалната самоуправа,ЈУ-Меѓуопштински центар за социјална работа - Делчево и останатите институции кои се достапни за консултации, информации и организирање на средби кои служат за помош на Ромската заедница како и за заштита на нивните права.
**Активности кои биле превземени за време на периодот за кој се известува во рамките на проектот се:**
**-** Организирани две консултативно - информативни средби со претставници на институциите од Локална самоуправа и ЈУ-Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево со цел да одговориме на барањата на Ромската популација бидејќи истите се соочуваат со многу специфични проблеми за кои бараме заеднички придонес за решавање на проблемите.
Преку организираните консултативни средби и со лобирање во наведените институции, 5 лица од Ромска националност го остварија правото за еднократна парична помош, 3 лица социјална парична помош и две лица над 63 годишна возраст го остварија правото за постојана парична помош.
**-** Одржана е месечна средба со двајца претставници од Риц, двајца претставници од МТСП и по еден претставник од локалните институции и тоа:
Ју-Меѓуопштински центар за социјална работа-Делчево,Локална самоуправа,Агенција за вработување и Фонд за здравсвено осигурување-Делчево.
Средбата се одржуваше според следниот дневен ред,
1. Коментари околу работата на Ромскиот информативен центар и подршка од Локалниот тим
   г-Ѓа Мабера Камбери
2. Начин на делување, соработка и лобирање од страна на Ромскиот информативен центар-Делчево со Локалниот тим
   персоналот на РИЦ
3. Коментари ,мислења,сугестии и препораки од Локалната група
   претставници на Локалната груп
4. Препораки за понатамошно делување на Риц и воспоставување на соработка

**-**Логистиката на Риц- Делчево за периодот за кој се известува се сведува во давање на информации на 50 лица од Ромска националност за областите кои ја опфаќаат декадата,од кои на 40 лица им е пружена конкретна помош во подготовка на барања, молби, изјави,потврди, препораки за различни семејства и индивидуи по различен основ.
- Одржани се две работилници од областа за образование на која беа присутни 83 лица од Ромска националност кои се родители на ученици Роми.

Работилницата е одржана  со цел да се доближат механизмите,методите и начините на разрешување на стереотипите,предрасудите,дискриминацијата и конфликтите во рамките на семејството,училиштето и поширокатa заедница преку користење на комуникациски вештини низ практични вежби и предавања со помош на стручни лица.

**Февруари 2009**

Риц -Делчево во склоп на своите обврски има изгредено доста добра комуникација и доверба со Локалната Самоуправа што ни придонесува за зголемена доверба и кај целната група како и градење на сопствениот имиџ на центарот и препознатливост кај останатите институции.
Со ЈУ-Меѓуопштински центар за социјална работа - Делчево и останатите институции, имаме размена на информации упатувања и лобирање за специфични случаеви.Освен тоа вршиме консултации и организирање на средби кои служат за помош на Ромската заедница како и за заштита на нивните права.
**Активности кои биле превземени за време на периодот се:**
**-** Консултативни и информативни средби со Ромската популација,Локална самоуправа и Ју-Меѓуопштински центар за социјални работи – Делчево.
20 лица од целната група на РИЦ побараа помош во информирање во делот на правата на здравство и здравствено осигурување,консултации со ЈУ- Меѓуопштински центар за социјална работа  Делчево за добивање на еднократна парична помош за лица кои се соочуваат со нарушена здрвaствена состојба,консултации со Локалната самоуправа за социјално и материјално загрозени семејства кои бараат сместување во социјалното прифатилиште во  Делчево,така наречен ,,Осми Септември,, .
Од напред наведените консултации, информации и средби со Ромската популација и локалните институции РИЦ – Делчево на 5 лица им пружи конкретна помош во подготовка на барања за еднократна помош, на 4 лица за остварување на право на здравствена заштита и на 3 лица молби за социјално и материјално загрозени семејства кои бараат смесутвање во социјалното прифатилиште,,Осми Септември,,.
**-** Логистичката подршка која што ја нуди и дава персоналот на Ромскиот информативен центар Делчево за граѓаните со акцент на припадниците од ромската заедница се сведува на лобирање и застапување, средби со граѓаните, пишување на барања, изјави, молби, жалби, давање совети, информации, посредување и др.
За подобро идентификување на проблемите на целната група, Риц теренски работи и ги согледува реално потребите на ромските семејства како во делот на инфраструктура , социјала, здравството,вработувањето и образованието.
**-** На ден 12. 02. 2009 год одржана  е месечна средба со претставници од локалната група  на РИЦ каде што се разговараше    за конкретни проблеми и потреби на веќе однапред евидентирани семејства и за истите да се изнајде решение како да се надминат.
Предлог,препораки и сугестии беа насочени за  двајца родители  кои   немаат обврска за децата да посетуваат школска установа, едно семејство што има проблеми со неплатени  сметки за вода и две семејства кои се соочуваат со проблемот за домување,т.с со нерешено станбено прашање.

**Март 2009**

Риц -Делчево како и во досегашниот период,исто така и  во Март  2009 година,своите активности ги концентрира во подобрување на нивото на информирање и едукација на ромската популација во сферите на вработување,домување,образование и здравство.
**Главни превземени активности за периодот за кој се известува се:**
-Информативни  и консултативни средби преку кои ги информиравме граѓаните од Ромската популација околу престојната Декада на Ромите 2005- 2015 год. како и за суштината и начинот на нејзиното спроведување, бидејќи  неинформираноста и  необразованоста се една од причините што придонесува  до неправилно информирање за Декадата на Ромите и улогата на РИЦ.
Од тие причини Риц -Делчево работеше на правилно  информирање за престојната Декада на Ромите 2005 - 2015 год .бидејќи тие бараат повеќе од возможната помош од страна на РИЦ,а кое е во надлежност на органите на власта.
Преку одржани работилници Риц-Делчево  ги информираше граѓаните од Ромската популација  за улогата и задачата на РИЦ,дека Риц стои на располагање за да им помогне ,но во доменот на можностите и придржувајќи се кон законските регулативи.

Во текот на месец Март персоналот на Ромскиот информативен центар Делчево оствари неколку телефонски контакти со Агенцијата за вработување-Делчево кои по барање на странките имаат потеба од одјавување од градот во кој живееле  и пријавување како жители во Делчево.На истите им беше потребно да знаат на кој начин треба да се пријават во агенцијата за вработување откако ќе пријават жителство.
Од обласа на домување во просториите на канцеларијата на РИЦ  се обратија три семејства кои немаат постојано место на живеење.
За истите имаме разговарано со градоначалникот на општина Делчево кој ни даде образложение дека зградата што ја планираат за лицата бездомници ќе се пушти во употреба во март 2009 год. и тогаш ќе имаат можност да аплицираат лицата кои што немаат сопствено живеалиште, но за жал тоа уште не се случи .
Риц -Делчево им даваше правна помош и упатување пред се на оние категории на лица кои се ставени на маргините на општеството и постојано бараат помош од Риц-Делчево во обласа на социјала, здравство и домување.
Доставени се девет барања за еднократна парична помош до ЈУ- Меѓуопштински центар за социјална работа –Делчево и подготвена е документација за користење на социјална парична помош за три семејства кои до сега не биле корисници на истата.
Пет лица од Ромска националност кои до сега не биле корисници на социјална парична помош,биле во работен однос во текстилни фирми ,но истите се отпуштни од работа и од тие причини се евидентираат во Агенцијата за вработување како невработени лица и им помагаме во комлетирање и пополнување на документите за остварување на правото за социјална парична помош.
Риц-Делчево истиот месец вршеше лобирање и упатување во Агенцијата за вработување за едно лице од Ромска националност која се соочи со многу специфични проблеми бидејќи една година работеше во Текстилната конфекција ДООЕЛ ,,Би компани,, пријавена како инвалидно лице со сите коплетирани документи од ИПК-Скопје.
Работодавецот постојано ја малтретираше со тоа што ја оставаше да работи прекувремено и на други работни работни места кои не се соодветни за нејзината здравствена состојба, и на истата не и ги исплаќаше редовно месечните приходи.
Истата достави барање  за да ги повлече документите,да ја одјави  и да се пријави во Агенцијта за вработување.
Работодавецот не сакаше да даде изјава дека тој ја избрка од работа, туку таа да достави изјава дека ја напушта работата за да не иде на негова штета.
Таа побара совет од персоналот на Риц и на истата и укажавме дека не треба таа да даде изјава дека ја напушта работата, бидејќи после тоа една година нема право да биде евидентирана како невработена во Агенцијата за вработување, а со тоа го губи и правото на здравственото осигурување.
Со странката зедно заминавме во Заводот за вработување и го образложиме целиот случај со цел тие заедно со Трудовата инспекција  да го анализираат случајот  за да се реши проблемот и странката да има право на пријавување во Агенцијата за вработување. Агенцијата за вработување стапи во контакт со работодавецет,за случајот беше информирана и трудовата инспекција, и по сите направени контакти и лобирања од страна Риц со помош на Агенцијата за вработување се донесе согласност  од двете страни на работодавецот и работничката за раскинување на договорот.
По проследената процедура договорот за вработување беше раскинат и сега странката е евидентирана како невработена во Агенцијата за вработување.

-Риц-делчево даваше логистичка подршка во комплетирање на документација за еднократна и постојана парична помош за седум лица од Ромска националност, ургенции,изјави и молби на 13 лица,препораки,упатување и мониторинг за 10 лица, соработка и размена на информации 20 лица и дирекни посредувања за целната група на локално ниво за 5 лица.

- Одржана месечна средба со претставници од локалната група на РИЦ
На ден  18.03.2009 год. организиравме заедничка средба со претставниците од институциите:Локална самоуправа(образование и домување),Ју-Меѓуопштински центар за социјална работа-Делчево и Агенција за вработување -Делчево.

Претставниците од наведените институции редовно ги повикуваме на месечни состаноци, бидејќи со нивна помош сметаме дека поефикасно се допринесува во решавањето на проблемите со ромите.
Средбата се ордржуваше според следниот дневен ред:

1. Информации за реализирани активности од страна на Риц-Делчево во изминитаиот период
2. Добивање и пренесување на информации со претставници на институции
3. Проблеми со кои се соочуваат Ромската популација и за кои следуваат активни мерки
4. Мислења,препораки и коментари на работнта група

Од секоја област беа посочени активности кои се реализирани во месец Март и пристапот на персоналот кој што е вклучен во Риц програмата.На средбата се констатираше дека во месец Март се соочувавме со проблеми од областа на социјала, здравството и домување.
Сите горе наведени проблеми беа анализирани на средбата и за истите заеднички дававме предлози, мислења и информации за да дадеме придонес во решавање на истите.
Во делот на домување добивме информација дека станбената зграда на ЈП-за стопанисување со станбен и деловен простор која е наменета за социјални случаеви и лица со ниски приходи ќе биде пуштена во употреба во месец Мај 2009 со претходно објавен конкрус.
Во делот на образование,Советникот за образование истакна дека Министерството за труд и социјална политика во соработка со Министерството за образование и наука преку подготовка на проектот за условени парични трансфери ќе биде како посебен стимул за редовно образование на децата од социјално загрозени семејства и намалување на појавата на трансгенерациска сиромаштија.
На крајот од средбата претставниците од институциите дадоа свои препораки кои ги сватимве позитивно и ќе служат за подобро решавање на проблемите на Ромите како и за заштита на нивните права.
**-** На ден 15.03.2008 год Риц –Делчево одржа еднодневна работилница на тема : ,,Подршка од родителите и училиштето за професинален развој на децата,на која едукатори беа стручни лица психолог и социјален работник.
На работилницата учествуваа 50 лица, од кои 20 беа родители,20 ученици и 10 позитивни модели.
Работилницата ја отпочнаа стручните лица со најава на програмата и активностите кои следуваат на истата работилница.
По најава на програмата и активностите кои се прикажани во распоредот на Агендата, присутните ученици се претставија и ги изразија своите желби за нивната професија за во иднина.
Во наредната точка од Агендата едукаторите ја назначија потребата и значењето од професионалното информирање и советување со тоа што истакнаа дека треба правилно да се информираат,бараат советување и подршка од родителите и училиштето за понатамошниот развој во образованието како и нивното максимално залагање и интерес за школување.
На работилницата присуствуваа 10 лица кои беа позитивни модели за учениците, и истите ги презентираа своите лични искуства за периодот кога биле ученици во основното училиште,средно и високо образование.
Од позитивните модели кои учествуваа во реализирањето на активностите на оваа работилница имаше социјолог,психолог и правник,а останатите со општа гимназија и средна стручна спрема.
Тие дадоа доста позитивни примери на присутните ученици кои треба истите да ги проследат за да го завршат своето образование кое е соодветно спрема нивните можности и капацитети, како и правилно да бидат насочени за да бидат вработени.
По завршеното излагање на позитивните модели, стручните лица истакнаа дека учениците со подршка од своите родители и училиштето треба да бидат правилно ориентирани кон својата професија и изборот на занимање, бидејќи од несоодветниот избор и погрешна ориентација за нивната професија можно е да се соочат со последици и тоа: нецелосно исполнување од избраната професија,недовршено образование,невработеност и сл.
На крајот од работилницата родителите и учениците поставуваа прашања во врска со професијата која ќе биде изберена од инивна страна во периодот кој следува од I до IV
година гимназија.
Во тој контекст стручните лица соодветно и поединечно одговорија на поставените прашања, потенцирајќи ги и можните услови за образование кои нудат од страна на НВО и Владата.
**ЗАКЛУЧОК:**
Персоналот на Риц , од оваа работилница дојде до заклучок дека од таков тип на работилници се буди чувството кај самите ученици за продолжување на нивното образование, истите се

мотивираат не само да завршат средно образование туку да продолжат и високо образование со што ќе имаат поголема предност за вработување. Исто така резултираме со големи информации за можностите и условите  кои се нудат за Ромските ученици кој е главен поттик за подигање на јавната свест за образованието кај истите.
На тој начин на инфорнирање и мотивирање,  не ја подигаме свеста за образование само кај учениците, туку и кај нивните родители со цел да  дадат целосна подршка на своите деца.

## Април 2009

Ромскиот информативен центар -Делчево,вложува дополнителни напори, да во склоп на својата работа придонесува кон јакнењето на комуникацијата и соработката  со одделни Министерства и други државни институции како потребна помош на Ромската заедница.
**Превземени активности за периодот за кој се известува се :**
-Во периодот на месец Април, Риц -Делчево  посети 20 ромски семејства со цел истите да се информираат за периодот на имунизација за децата од 0 до 18 годишна возраст кои до сега не примиле вакцина или не ја примиле редовно.
Оваа акција се изведуваше со одделот за вакцинација од Делчево, со придружба на лекар и медицинска сестра.
Во Делчево  во неделата на имунизација беа вакцинирани 10 деца во предшколска возраст и 11 во школска возраст .
-Информативни и консултативни средби во канцеларијата на Риц со лица од ромска националност и претставници од институциите.
Со информативните – консултативни средби  РИЦ Делчево се обидува да ги решава реалните постоечки проблеми кои се појавуваат кај припадниците на ромската заедница, и на најсоодветен начин директно или преку   телефонски разговори на 15 лица им прижаше услуги и посредуваше со представници на администрацијата на локолно ниво за вадење на лична документација.
-Логистичка подршка за истиот период се сведуваше во пишување на 10 барања за еднократна парична помош, 12 лични изјави за вадење на лична документација за стрателство,недвижен имот, 7 потврди за од Агенцијата за вработување,10  молби за вработување и сл.
Ромскиот информативен центар Делчево се трудеше во текот на овој месец да излезе во пресрет на странките во зависност од нивната  потреба,  но во рамките на можностите на Риц и законската регулатива.
Ваквиот начин на давање и споделувањето на информации и консултации ја  оправдува работата, функционалноста и бенефитот од постоењето на Ромски информативни центри во различни градови на РМ кои се во интерес на граѓаните со акцент на припадниците на ромската заедница.
-Во просториите на Риц -Делчево се одржа состанок со претставници од граѓанската организација UNDP кои понудија можност за претприемаштво кај ромската популација.
Заради споделување на информации, учество во работата и носењето на важни акти,Риц – Делчево, ќе продолжи да учествува и организира состаноци кои битно ќе бидат важни и за целите и активностите кои ги обавува програмата на Ромските информативни центри.

## МАЈ 2009

Риц -Делчево како и во досегашниот период,исто така и  во Мај  2009 година,своите активности ги насочува кон глвните приоритети на Ромската популација дефинирани од проблемите и потребите со кои се соочуваат, и за истите  понатаму превзема активни мерки во границите на можноста.
**Главни превземени активности за периодот за се известува се:**
- Во периодот од месец Мај персоналот на Ромскиот информативен центар Делчево оствари 45 директни консултативни средби со невработени лица од Ромска националност.
Консултативните средби со лицата од  целна група на РИЦ се  одвиваа во зависност од нивните барања во врска со  Јавните огласи за невработени лица, и тоа: за Самовработување , Формализирање на веќе постоечкиот бизнис,Јавните огласи за самовработување со кредитирање и подготовка на мини бизнис план кои беа објавени во истиот период.
Улогата на РИЦ -Делчево во врска со наведените огласи,беше да ги информира граѓаните од Ромската популација за истите, да им помогне во пополнувањето на апликациите,да им даде подетално образложение и да ги објасни критеририумите кои следуваат доколку  бидат прифатени нивните апликации,односно доколку бидат одобрени. Од вкупно 45 лица кои побараа информации за постоечките програми преку Агенцијата за вработување, 25 лица доставија апликации до истата институција со помош на Риц преку помагање во подготовка на бизнис план,упатување ,советување, пополнување на апликации и сл.

- Покрај консултативните средби за Јавните огласи  преку АВРМ, на ден 28.05.2009 год. во просториите на Риц- Делчево, се одржа консултативна средба со Советникот за образование и со двајца родители чии деца не ја посетуваат редовната настава во училиштето ОУ,, Ванчо Прќе,,- Делчево и истие ученици направиле голем број на изостаноци.
На оваа средба двајцата родители беа запознаени со законот за основно образование и обврските на ученикот и родителот,како и за паричната казна за непосетување на редовната настава според член 172 од законот за основно образование.
Родителите изразија благодарност до РИЦ – Делчево и Советникот за образование,бидејќи ваквите средби од информативен и советодавен карактер  се многу значајани и истите се позитивни чекори преку кои самите родители може да превземаат мерки  за нивните деца  и да се избегнат кривични пријави за непосетување на редовната настава во училиштето согласно со горе наведениот закон
-Риц–Делчево покрај покрај горе наведените консултативни средби, информативни и консултативни средби обави и со лицата корисници на социјална парична помош.
Во приодот од месец Мај на лицата кои се корисници на социјална парична помош им беа доставени покани за три-дневна работна акција во ЈПКД-Брегалница во Делчево, од страна на Локалана самоуправа-Делчево и ЈУ-Меѓуопштински центар за социјална работа – Делчево.
Во консултации со претставници од Центарот за социјална работа-Делчево,корисниците на социјална парична помош ги информиравме дека, доколку истите не присуствуваат на работната акција во ЈПКД-Брегалница ќе го изгубат правото за користење на социјална парична помош за период од 12 месеци.
Со помош на информациите од Риц –Делчево, корисниците на социјална парична помош не се соочија со проблеми како и во изминатиот период со индивидуални лица кои беа ангажирани за истата работа.
-Логистиката во тој период се состоеше во пружење на услуги според потребите и барања од страна на граѓаните, задржување и проширување на комуникацијата со локалните и националните институции на државата.
Алатката на лобирање и застапување, средби со граѓани, продолжува како една од поуспешните алатки кои вродуваат успех во заедничките цели како на државните институции така и на граѓанскиот сектор.
Имено токму преку овие алатки меѓусебно се разбираат трите инволвирани страни : граѓанинот, државните институции и граѓанските организации.
-Дел од граѓаните припадници на ромската заедница, континуирано, во пракса од страна на Центарот за социјална работа беа препраќани до Ромскиот информативен центар за давање на помош во пишување и пополнувањето на одредени документи потребни за доставување  до истата институција.
Во секој случај канцеларијата на РИС-Делчево  го оддржува контактот со граѓаните и ги информира за новите настани поврзани со нивните случаеви.
- На ден 28.05.2009 год во просториите на Риц -Делчево организиравме информативна средба  со 10 ученици од Ромска популација кои се запишуваат во средно училиште.
На оваа информативна средба ги информиравме учениците дека Министерството за образование и наука во Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни уцилишта во учебнта 2009/2010 година за учениците Роми предвиде посебна олеснителна мерка за упис според која истите можат да се запишат во одредено јавно средно училиште ако имаат 10% помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Конкурсот за соодветните наставни планови и програми, а воедно и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за упис на знаења и вештини во соодветното училиште.
Истите ги нформиравме дека партиципацијата која се плаќаше за упис во средните училишта, е укината и доколку училиштата бараат партиципација, тогаш родителите да пријават во Државниот просветен инспекторат кој е надлежен да превземе мерки против училиштето и директорот.
 На крајот од оваа средба им дадовме предлог,да при уписот во средно училиште доколку се соочат со непредвидени проблеми да се консултираат со персоналот на РИЦ за да може на време да се реагира до надлежната институција и во зависност  од законот за средно образование.
- На ден 14.05.2009 год.со почеток во 15:00 час. во просториите на Риц-Делчево, персоналот на Риц, одржа среба со 12 родители на деца кои се запишуваат во прво одделение.
На истата работилница ги информиравме родителите дека нивните деца треба ги  запишаат во прво одделение,редовно да ја следат наставата и програмата за новата школска година која

следува, да учат,да ги почитуваат наставниците и родителите кои се единствените потенцијали за нивниот понатамошен развој во образованието.
Истите истакнаа дека  сите деца  имаат  добиено покани за тестирање во ново прво и сите 12 се запишани во ОУ.,,Ванчо Прќе,,-Делчево.
Воедно оставивме простор на родителите да поставуваат прашања и да даваат нивни коментари во врска со досегашниот успех во детската градика кои истите деца редовно ја посетуваат.
-На ден 23.05.2009 год.со почеток во 14:30, се одржа еднодневна работилница со родители на ученици од прво до осмо одделение.
Работилницата се одржа со цел да  се презентира успехот и поведението на Ромските ученици, како и након начин за нивно подобрување.
На истата беа присутни 35 родители и двајца модератори психолог и социјален работник. Од страна  на модераторите , родителите беа информирани за постигнатиот успех и поведението на нивните деца за кои треба да превземат и самите родители бидејќи дел од учениците се со слаб успех и намалено пведение.
Истите беа информирани за правата, обврските и нивните задолженија околу следењето на редовната настава во училиштата и дека истите треба да се почитуваат.
Не се занемари и комуникацијата и градењето на здрави односи меѓу членовите на семејството, воспитната улога во подобрување на успехот , поведението и културните навики на децта.
Пред завршувањето на работилницата родителите имаа можност да дадат свои согледувања и препораки кои пак во обратна насока ќе послужат за наши информации кои можеби треба да ги пренесеме на педагог или директор во ОУ.

**ЈУНИ 2009**

Ромскиот информативен центар(Риц) продолжува со спроведувањето на своите активности кои ги има превземено за работата и во текот на месец Јуни 2009 год,кои се насочени кон информирање,лобирање логистика и теренска работа.
**Превземени активности за периодот за кој се известува се:**
**-**Во периодот на месец Јуни персоналот на Риц -Делчево постојано имаше консултации и размена на информации со институциите посебно со Центарот за социјални работи и Локалната самоуправа делчево .Во делот на информациии и консултации  имавме размена на информации со агенцијата за вработување за одредени пониди за вработувања која ги нуди агенцијата во случајот за кредити за невработениза проширување на сопствен бизнис.
Истиот месец  доставени се осум  барања за добивање парична помош до Локалнта самоуправа Делчево,за социјално и материјално загрозени семејства на кои им се неопходни средства за лекување ,плаќање на кирија и други потреби.Со помош на лобирање од страна на Риц-Делчево Локалната самоуправа бара мислење за лицата кои поднесуваат барања за добивање на еднократна парична помош со цел истите да не се повторуваат,барањата се потпишани од странана на Градоначалникот и истите треба да ја поминат процедурата преку финансиски одел за да им бидат доделени средствата на загрозените семејства.
Секој месец има различни лица на кои им е неопходна таква помош и постојано се обраќаат кај нас.
-На 9 лица од Ромска националност кои по објавениот оглас за самовработување им помогнавме во пополување на апликации и во подготовка на бизнис план им беа одржани обуки во Агенцијата за вработување за законските процедури кои следуваат понатаму,за нивните обврски и консултанти. На предвидените обуки сите девет лица беа присутни и заинтересирани, а од друга страна Риц го следеше целиот процес.
За истите Ве информираме дека двајца се откажаа поради несигурноста и неконкретната замисла , а останатите седум лица  на ден 09.07.2009 потпишаа договор за добивање на гранд за самовработување.
Информации:
-Риц-центарот во периодот на месец Јуни постојано ги упатуваше странките до одредените институции за одредени потреби. Информации даваше во делот на правата на здравство и здравствено осигурување, образованието и важноста од истото, интеграција и еманципација на жената Ромка и информации за декатада на ромите Акционите планови и начин за нивна имплементација.
**-** Логистичка подршка пружеше 10 лица од Ромска националност во комплетирање на документација за еднократна и постојана парична помош,на 25 лица во пишување на барања,ургенции,изјави и молби,на 18 лица пружеше логистичка подршка во давање

препораки,упатувње,совети и сл,соработка и размена на информации и дирекни посредувања за целната група со локалните институции .
-Риц –Делчево во просториите на ХДЗР,, Кхам,,-Делчево организираше една заедничка средба со претставниците од институциите,-Локална самоуправа(образование и домување),
ЈУ-Меѓуопштински центар за социјална работа - Делчево,Агенција за вработување-Делчево каде што се разговараше за конкретни проблеми и потреби на веќе однапред евидентирани семејства.
За наведените 5 семејства за кои се разговараше на средбата се изнајде решение како да се надминат проблемите во делот на домување со тоа што се сместени во Прифатилиште за лица бездомници , за 4 лица што имаат проблеми со неплатени сметки за вода стапивме во контакт со ЈПКД-Делчево за да склучат меѓусебен договор за плаќање на рати,бидејќи иститe немаат никакви приходи за да ги подмират доставените сметки .
За таа најризичната група на луѓе преку локалниот тим со кој работиме го информиравме и градоначалникот на општината за да можеме да најдеме надобра солуција за надминување барем на дел од проблемите што за нас беа приоритет.
За оние кои што во моментот останале без приходи поради прекинување на работен однос по своја иницијатива и се исфрлени од евиденција на невработени во Агенцијата за вработување, сега е потребно да се најде решение за да можат истите да се евидентираат како невработени .
За лицата кои немаат решено стамбено прашање во консултации со Јавно претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор и Локалната самоуправа Делчево, се бара решение за истите да се згрижат во изградената зграда ,предвидена за семејства кои се социјални случаеви,самохрани мајки и семејства со минимални приходи.

Риц -Делчево како и во досегашниот период,исто така и понатаму планира своите активности да ги реализира и промовира ,да остане линк помеѓу граѓаните од Ромска популација и локалните институции се со цел истите да бидат интегрирани во главните општествени сфери: образование,домување,вработување и здравство.

## <u>ЈУЛИ 2009</u>

**Превземени активности за периодот за кој се известува се:**

- **Масовно труење на сезонски работници во Делчево**

На 06.07.2009 година,вработените во РИЦ Делчево околу 12 часот пополноќ беа известени дека околу 500 лица Роми кои работат сезонски како берачи на вишни побарале лекарска помош во локалната болница во Делчево. Тимот на Риц Делчево веднаш се упати на местото на настанот и до 15:00 часот по полноќ беше на терен со цел да ја потврдат информацијата и да им помогнат на граѓаните, во рамките на своите можности и одблиску да ги следат настаните.
Сезонски берачи на вишни беа дојдени од Струмица, Радовиш, Виница, Кочани, ангажирани преку комбинатот Рудин, и истите со симптоми на труење се примени во Здравствениот дом во Делчево од кои 2 лица беа префрлени во Кочани, а 9 потешки случаи се префрлени на Инфективното одделение во Штип.
Состојбата на лицата префрлени во инфективното одделение во Штип ја следеа персоналот од Ромскиот информативен центар во Штип при што не информираа дека меѓу хоспитализираните лица имаше мажи и жени на возраст до 40 години од Струмица и Радовиш и малолетни деца.Еден дел од лицата кои биле во Кочани подоцна истите биле префрлени во Штип.За наведениот настан беше информирана и локалната телевизија во Штип ТВ-Ирис и ТВ-Д1 од Делчево.Според веста во медиумите - Сезонските работници, берачи на вишни, се сомневале дека се затруле од печурките и јајцата што ги имале за вечера. Вечерата која се состоела од пржени јајца, пиперки и сирење, е сервирана од комбинатот Рудине. Работниците го обвинуваат комбинатот за труењето.

- Ромскиот информативен центар -Делчево одржа две консултативни средби со лицата од целната група кои аплицираа на Јавните огласи за невработени лица.
Една консултативна средба одржана со осум лица од Ромска националност потпишаа договори за добивање на гранд од 180.000.оо денари неповратни парични средства наменети за регистрација на сопствена фирма и отпочнување со сопствен бизнис.
Една консултативна средба е одржана со три лица од Ромската популација кои добија решенија за добивање на кредит со една година грејз период за самовработување и подготовка на мини бизнис план.

**Лобирање:** Во просториите на Риц - Делчево,како во претходниот период така и во периодот од месец Јули вршеше лобирање и упатување на лица од Ромска популација кои се социјално загрозени,самохрани мајки и сл. кои немаат финансиски средства за основните услови за живеење, како и за болничко лекување.
Доставени се три барања барања за еднократна парична помош до ЈУ- Меѓуопштински центар за социјална работа -Делчево, подготвена е документација за користење на социјална парична помош за две лица од кои една самохрана мајка и едно четири члено семејство,воедно на истите им помогнавме во комлетирање на документите .

**АВГУСТ 2009**

Во текот на месец Август персоналот на Ромскиот информативен центар Делчево оствари телефонски контакти со Агенцијата за вработување-Делчево во врска за објавените огласи за вработување во истиот период.
Рокот за пријавување по објавениот оглас траеше од 15 до 24.08.2009 год.
Риц-Делчево ги информираше лицата од Ромската националност дека во Агенцијата за вработување има објавено огласи за вработување во наведените фирми:
- Одржувач на машини во ДООЕЛ - Виор
- Конфекционери А.Д.Палтекс
- Продавачи во ДООЕЛ Шарм - Дел
-Инструктор во ЈТД Ацико -Транс
-Градежен техничар ДООЕЛ Ринџи-Компани
-Рударски работник во Рудник САСА-ДООЕЛ
- Кенлери - Палма ГНВ- Делчево

За наведените работни места, 12 лица од ромска националност доставија молби и пополниле пријави со помош на персоналот од РИЦ , а за повратна информација добивме дека 5 лица(конфекционерки) се примани во А.Д.Палтекс.
Останатите седум лица не се примани на работа од страна на работодавците поради несоодветно образование или струка.

**Образование**

Активностите од областа за образование се сведуваа во информирање на Ромските ученици за последниот уписен рок ( 19 август) во државните средни училишта.
Од десет ученици Роми кои во минатата 2008/2009 год.учебна година завршија основно образование, во првиот уписен рок (јуни) се запишаа шест ученици роми во ДСУ ,, М.М.Брицо - Делчево , во вториот уписен рок (август) двајца ученици се запишани во истото Државно училиште,еден ученик е запишан во Средно музичко училиште во Скопје и еден ученик во ДСУ - Штип ( теологија).
Воедно одржавме консултативна средба со Советникот за образование од кој добивме информации дека сите Ромски ученици се запишани во основно и средно образование според нивниот избор на насока, без оглед на рангираните бодови од претходната учебна година.

**Домување**

Од областа на домување во просториите на канцеларијата Риц се обратија три семејства кои немаат постојано место на живеење и бараат помош од Локалната самоуправа со помош на лобирање од срана на персоналот на Риц-Делчево.
Во Локалната самоуправа-Делчево одржавме консултативна средба со претставникот на Локалната група на Риц со кој е разговарано за семејствата кои бараат помош за решавање на нивното станбено прашање и од истиот добивме информација дека станбената зграда која е планирана за лица кои се корисници на социјална заштита,е во тек на внатрешна адаптација, инсталирање на електрична енергија и спроведување на водоводна мрежа.Загрозените семејства

од ромска националност ги информиравме дека моментално нема решение за нивното станмбено прашање се додека станбената зграда не се пушти во употреба и за истата да се објави конкурс.

## СЕПТЕМВРИ 2009

Во приодот од месец Семтември Риц-Делчево има превземано повеќе активности во своето секојдневно работење, но главни превземани активности кои придонеле за достигнувањата во истиот период се :
-Информативни средби со Роми кои имаат регистирани фирми преку Агенција за вработување
-Информирање на Ромската популација за Јавните огласи за вработување на државни службеници и пополнување на апликации за истите
-Лобирање во Локална самоуправа и Меѓуопштински центар за социјална работа во Делчево за две ромски смејства на кои се распаднати куќите од поројнте дождови
-Информации и консултации со три лица од ромска националност истерани од работа,а кои претходно беа во работен однос со договор за определено време
-Информации за Јавниот оглас преку Министерството за транспорт и врски за распределба на социјални станови како и условите за нивно користење
Наведените главни активности по опширно ќе бидат опишани во наредните точки кои следуваат во извештајот.

**Вработување**

Во периодот од месец Септември персоналот на Ромскиот информативен центар Делчево оствари 10 директни консултативни средби со лица од Ромска националност, кои со самовработување преку Агенцијата за вработување имаат регистрирано фирми со различни дејности. Десет лица од Ромска националност сопственици на веќе постоечките фирми се регистрирани на 09.09.2009 год, и на истите им помогнавме во пополнување на пријавите(образци) за вработување кои ги доставуваат во Агенцијата за вработување, пополнување на пријави(образци) за здравствено осигурување и истите ги доставуваат во Фонд за здравствено осигурување.

Осум лица од Ромска националност побараа помош во пополнување на апликации за вработување на државни службеници преку Јавен оглас за вработување на државни службеници со краен рок на пријавување до 15 .09.2009 год.
Во тој перод Риц-Делчево има направено анализа за две лица за да ги согледа причините по кој основ истите се истерани од работа.

**Домување**

Од областа на домување Риц -Делчево вршеше лобирање во Локална самоуправа и Меѓуопштински центар за социјална работа во Делчево за две ромски смејства на кои се распаднати куќите од поројнте дождови.
На ден 16.09.2009 год.на две Ромски семејства се срушија зидовите и крововите на нивните куќи,а штетата предизвикана од влага на поројните дождови.
Двете семејства се корисници на социјална парична помош,нивната материјалната и финансиска состојба е многу тешка,немаат никакви услови за живеење (пет месеци без електрична енергија) и немаат излез од моменталната состојба.
Од страна на Риц-делчево доставени се две барања до Локална самоуправа и Меѓуопштински центар за социјална работа -Делчево за доделување на еднократна парична помош и материјал за кровот на двете куќи и срушените зидови.
Со писмено барање до надлежните институции побаравме на лице место кај што се наоѓаат оштетените куќи да излезе комисија за проценка на штети од елементарни и други непогоди за да се констатира штетата и да биде надоместена.
По извршеното лобирање на Риц - Делчево, на наведените сиромашни семејства им беше доделена еднократна парична помош од 5.000.оо ден. и 15 вреќи цемент за зидање.

**Здравство**

Во просториите на Риц - Делчево во месец Септемви се обратија четири лица кои побараа финансиски средства за болничко лекување .

На случаеви за кои што Риц имаше сознанија и докази дека дијагностицираат со сериозно нарушена здравствена состојба и на истите им е неопходна парична помош, Риц лобираше до надлежните институции за доделување на еднократна парична помош според законот и критериумите на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи или од Локалната самоуправа. Повратна информација за истите баратели добивме од ЈУ- Меѓуопштински центар за социјална работа  Делчево дека двајца добиле финансиска помош за лекување,а останатите две лица не поседувале соодветна документација.
Риц -Делчево им пружаше помош во упатување пред се на оние категории на лица кои се  ставени на маргините на општеството и тоа:социјално загрозени лица, самохрани мајки и лица со посебни потреби.

**ОКТОМВРИ 2009**

Риц-Делчево континуирано своите активности ги концентрира во посредување,лобирање и информирање на ромската популација во зависност од потребите и барањата на истите.

**Вработување**

Во текот на месец Октомври  персоналот на Ромскиот информативен центар Делчево направи анализа во консултација со агенцијата за вработување за да се констатира причините поради кои лицата од ромска националност по истекот на договорот за определено работно време  се пуштени од работа.
Истиот настан се следи од страна на Риц -Делчево и во конслутации со институциите се бара можност за да се најде решение на кој начин да се надмине проблемот и дали ќе има можност да се вратат на работа.
Истите биле две години вработени на работно место (хигиеничари) во Јавно претпријатие за комунални дејности во Делчево,но со доаѓањето на новиот раководител во истата институција  тие добиле известување за прекин на работен однос врз основа на истекување на договорот.

**Образование**

Во делот на образованието за периодот за кој известува РИЦ-Делчево има увид за ушениците кои што се вклучени во образовниот процес и дали истите го посетуваат училиштето.Проблеми има со пет ученици кои што неодат редовно на настава и од тие причини советникот за образование Ванчо  Новоселски побара помош од нас да му обезбедиме средба со родителите на децата кои што неодат на училиште да м,оже да се видат причините поради кои децата неприсуствуаат на настава и да им се пренесе на родителите дека следуваат парични казни за истите. За да се избегнат казните советникот ги замоли родителите да редовно водат евиденција за да ушениците одат на настава а во спротивно ќе следуваат ригорозни казни.

**Домување**

Од областа на домување во просториите на канцеларијата Риц се обратија три семејства кои немаат постојано место на живеење и бараат помош од Локалната самоуправа со помош на лобирање од срана на персоналот на Риц-Делчево.
Во Локалната самоуправа-Делчево одржавме консултативна средба со претставникот на Локалната група на Риц со кој е разговарано за семејствата кои бараат помош за решавање на нивното станбено прашање и од истиот добивме информација дека станбената зграда која е планирана за лица кои се корисници на социјална помош за истата ќе се објави оглас.

**Ноември 2009**

Во периодот од месец Ноември, Риц Делчево беше достапен за добивање на информации, консултации и пополнување на лични документи кои им беа непходни на лицата од Ромската популација.

**Вработување**

Во текот на месец Октомври персоналот на Ромскиот информативен центар Делчево направи анализа во консултација со агенцијата за вработување за да се констатира причините поради кои лицата од ромска националност по истекот на договорот за определено работно време се пуштени од работа.

Истиот настан се следи од страна на Риц -Делчево и во конслутации со институциите се бара можност за да се најде решение на кој начин да се надмине проблемот и дали ќе има можност да се вратат на работа.

Истите биле две години вработени на работно место (хигиеничари) во Јавно претпријатие за комунални дејности во Делчево,но со доаѓањето на новиот раководител во истата институција тие добиле известување за прекин на работен однос врз основа на истекување на договорот.

**Образование**

Во делот на образованието за периодот за кој известува РИЦ-Делчево има увид за ушениците кои што се вклучени во образовниот процес и дали истите го посетуваат училиштето.Проблеми има со пет ученици кои што неодат редовно на настава и од тие причини советникот за образование Ванчо Новоселски побара помош од нас да му обезбедиме средба со родителите на децата кои што неодат на училиште да м,оже да се видат причините поради кои децата неприсуствуаат на настава и да им се пренесе на родителите дека следуваат парични казни за истите. За да се избегнат казните советникот ги замоли родителите да редовно водат евиденција за да ушениците одат на настава а во спротивно ќе следуваат ригорозни казни.

**Домување**

Од областа на домување во просториите на канцеларијата Риц се обратија три семејства кои немаат постојано место на живеење и бараат помош од Локалната самоуправа со помош на лобирање од срана на персоналот на Риц-Делчево.

Во Локалната самоуправа-Делчево одржавме консултативна средба со претставникот на Локалната група на Риц со кој е разговарано за семејствата кои бараат помош за решавање на нивното станбено прашање и од истиот добивме информација дека станбената зграда која е планирана за лица кои се корисници на социјална помош за истата ќе се објави оглас.

**-ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Делчево**

Во просториите на Риц - Делчево во месец октомври се обратија шест лица кои побараа финансиски средства за болничко лекување .

На случаеви за кои што Риц имаше сознанија и докази дека дијагностицираат со сериозно нарушена здравствена состојба и на истите им е неопходна парична помош, Риц лобираше до надлежните институции за доделување на еднократна парична помош според законот и критериумите на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи или од Локалната самоуправа.

Повратна информација за истите баратели добивме од ЈУ- Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево дека четворица добиле финансиска помош за лекување,а останатите три лица не поседувале соодветна документација.

На семејството на кое од дождот им се распадна домот им се направи барање за користење на накордна кујна за кое Риц-Делчево излобира да на истите барањето им се одобри.

## Декември 2009

Социјалната и економска криза придонесоа голем број од припадниците на ромската националност да остане без работа што само ја влошува веќе постоечката негативна слика на

